364-662(497.7)(062)(049.3)

# *Македонска платформа против сиромаштијата (МППС), прва Конференција на сиромашните и социјално исклучени лица во Република Македонија*

## Прва Конференција на сиромашните и социјално исклучени лица во Република Македонија

Првата Конференција на сиромашните и социјално исклучени лица организирана од страна на Македонската платформа против сиромаштија (МППС), се одржа на 26 и 27 септември во Битола, а централниот настан – мирниот марш на учесниците на Конференцијата до Владата на Република Македонија, се случи на 28 септември во Скопје. Делегација на учесници на Конференцијата беше примена од страна на Спиро Ристевски, министер за труд и социјална политика.

Конференцијата, прва од ваков вид кај нас, ги собра на едно место луѓето кои живеат во сиромаштија или социјална исклученост во земјава, на едно место, конституирајќи еден вид ад хок форум на кој овие граѓани имаа можност првпат да ги споделат своите искуства, да ги идентификуваат горливите проблеми со кои се соочуваат, како и да дадат препораки за нивно решавање. Ова е особено значајно ако се има предвид фактот што вообичаената практика при креирањето на политиките многу ретко претпоставува вклучување и консултација со оваа категорија на граѓани, што само придонесува кон нивната исклученост.

На Конференцијата присуствуваа 120 учесници, претставници на разни ранливи групи, НВО, од Република Македонија. Под водство на повеќе локални и меѓународни експерти, учесниците работеа во повеќе работни групи и ги идентификуваа клучните проблеми со кои се соочу-

ваат во повеќе области, како: здравствената и социјалната заштита, родовите прашања и невработеноста. Заклучоците и препораките до кои дојдоа на овие работилници, беа поместени во заедничка Декларација, усвоена и потпишана од сите учесници на Конференцијата. Декларацијата официјално ќе им биде доставена на претставниците на Владата на Република Македонија, како и на сите засегнати страни, институции и авторитети во земјава. Декларацијата ќе биде основа за следење на исполнувањето на политиките поврзани со социјалната инклузија и справување со сиромаштијата во Република Македонија.

Овој настан беше организиран од Македонската платформа против сиромаштија, со структурна поддршка на Институтот за човекови права „Лудвиг Болцман“ од Скопје, а финансиски беше поддржан од страна на Австриската агенција за развој (АДА). Во иднина, МППС планира редовно одржување на овој вид на конференции, на годишно ниво.

Македонската платформа против сиромаштија (МППС) е коалиција од над 40 невладини организации и поединци, чија цел е намалување на сиромаштијата преку промовирање на социјалната правда, партиципативна демократија, заштита на човековите права, еднаквост и недискриминација и владеење на правото.

**Подготвил:**

**М-р Владимир Илиевски**
*Институт за социјална работа и социјална политика*
*Филозофски факултет, Скопје*